ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 384 од Законот за трговските друштва и на член 51 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, Собранието на акционери на Друштвото, по разгледувањето на извештаите од овластениот ревизор на РЕПЛЕК АД Скопје за 2024 година, на седницата одржана на ден 16.4.2025 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на извештаите од овластениот ревизор

(1) Се усвојуваат ревизорските извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи (посебни и консолидирани) на РЕПЛЕК АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година, изготвени од ревизорското друштво МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

(2) Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје

Претседавач на
Собрание на акционери

_____

Образложение

Управниот одбор на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, на 10.3.2025 година по добивање и разгледување на ревизорските извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи (посебни и консолидирани) на РЕПЛЕК АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година, изготвени од ревизорското друштво МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, ја утврди Предлог-одлуката која на ден 16.4.2025 година, врз основа на член 383 и на член 384 од Законот за трговските друштва, како и на член 51 од став од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје и ја поднесува како предлог до Собранието на акционери на усвојување.

Собранието на акционери, по разгледување на ревизорските извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи (посебни и консолидирани) на РЕПЛЕК АД Скопје за годината која завршува на 31 декември 2024 година, изготвени од ревизорското друштво МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.